ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-2152/2
28.04.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-2152/1 од 07.04.2025 година, поднесено од[redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-2152/1 од 07.04.2025 година, поднесено од[redacted]со кое се бара информација од јавен карактер:

-Одобрение за поставување на урбана опрема, на локација за вршење на дејноста на ул. Благој Ѓорев бр.97/1, Велес, а одобрението е издадено по барање на ДПТУ „КАРМЕН КОМПАНИ" ДООЕЛ Велес, за целиот период за 2024 година и 2025 година до денес. Локацијата за вршење на дејноста се однесува на КП бр.6674 и КП бр.6673

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

Во прилог на Решението Ви ги доставуваме следните документи:
-Одобрение за поставување на урбана опрема со бр. 08-2211/4 од 17.05.2024 година

-Одобрение за вршење на дејност на јавна површина пред деловната просторија со бр.08-1305/4 од 18.03.2024 година

-Одобрение за поставување на урбана опрема со бр.08-1305/5 од 18.03.2024 година

-Одобрение за вршење на дејност на јавна површина пред деловната просторија со бр.08-1664/5 од 24.03.2025 година

-Одобрение за поставување на урбана опрема со бр.08-1664/4 од 24.03.2025 година

-Одобрение за поставување на урбана опрема со бр.08-3/1 од 02.01.2025 година.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*